ЈП"СОЛИДАРНОСТ"ВИНИЦА
ТЕЛ: 033 363-125 ФАХ:033 361-478 E-mail: jkpvinica@jpsolidarnost.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА ЈП „СОЛИДАРНОСТ" ВИНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

Виница, 2025 година, Јануари

Во делот на водоснабдување и одведување на урбани отпадни води во ЈП "Солидарност" во текот на 2024 година се работеше во согласност со Програмата за работа.

Водоснабдувањето на градот Виница, с. Јакимово, с. Црн Камен, с. Лески и населба Градец се вршеше преку фабриката за вода. Во месеците, Јуни, Јули, Август, Септември, Октомври, Ноември како дополнителен извор се користеше и бунарот во с. Јакимово од каде се дополнуваше повремено со 10 л/сек. и бунар Осојница со 5 л/сек.

До 31.12.2024 год. преку фабриката по месеци се преработени следните количини:

| **Месец** | **Фабрика за вода** | **Бунари** |
|---|---|---|
| Јануари | 85.967 $м^3$ | |
| Февруари | 79.436 $м^3$ | |
| Март | 87.940 $м^3$ | |
| Април | 89.785 $м^3$ | |
| Мај | 84.120 $м^3$ | |
| Јуни | 124.590 $м^3$ | 5.600 $м^3$ |
| Јули | 130.683 $м^3$ | 24.648 $м^3$ |
| Август | 101.880 $м^3$ | 41.600 $м^3$ |
| Септември | 100.587 $м^3$ | 23.560 $м^3$ |
| Октомври | 101.935 $м^3$ | 4.040 $м^3$ |
| Ноември | 87.405 $м^3$ | 640 $м^3$ |
| Декември | 89.719 $м^3$ | |

Во текот на целата 2024 редовно се вршеше снабдување на потрошувачите со вода за пиење на територијата на Општина Виница, за која цел до 31.12.2024 год. се преработени вкупно **1.259.235 м$^3$** површинска и бунарска вода.

Секторот за водоснабдување и одведување на урбани отпадни води покрај производството на вода за пиење имаше и други активности, како што се:

- Редовно следење на квалитетот на површинската и преработената вода во сопствената лабораторија и во соработка со Ј.З.У. Центар за јавно здравје Кочани и лабораторија Фуд лаб Скопје.
- Тековно одржување на захватот на р. Градечка
- Одржување на комплетната електро-машинска опрема на фабриката за преработка на вода
- Хлорирање на селските водоводи и нивна контрола
- Замена на стари вентили на градската водоводна мрежа со нови
- Санирање на помали и поголеми дефекти на водоводната мрежа
- **Санирани приближно четириесет дефекти на водоводна линија кон с. Лески**
- Санирање на дефекти на пумпи и во населените места со кои стопанисува и со кои не стопанисува ЈП "Солидарност"
- Чистење на каптажата во село Трсино
- Чистење и хипер хлорирање на резервоарите во Трсино, Пеклани и Драка
- Учество во реконструкција на водоводна мрежа во градот (Преспојување на корисниците на реконструираните линии)
- Изработка на приклучоци на водоводната мрежа на правни и физицки лица согласно ДУП усвоен од Општина Виница
- Санирање на канализациона мрежа во с. Јакимово
- Спојување на линија од аптека Арка до ул. "Маршал Тито"
- Превземено с. Грљани и поставена нова пумпа во бушотина (нов извор)
- Направена е нова каптажа во с. Драгобраште (маало Чукарлии),

- Направена е нова каптажа во с. Грљани за маали Мирмарци, Капетанци, Шанкевци и Витларе и во с. Пекљани

**Поради големиот сушен период и нерационалното користење на водата од страна на концесионерот на градскиот базент неколку дена високата зона од градот, м.в. Ромско маало и населба Градец во попладневните часови немаа доволни количини на вода.**

Видот и обемот на активностите и објектите во **Одделението градежна оперативa** зависат пред се од Програмата на Одделението за уредување на градежно земјиште и Одделението за урбанизам и урбанистичко планирање при Општина Виница.

Во изминатиот период, овие активности се сведуваа на изведба на помали објекти, мали градежни интервенции во делот на изведба на мали објекти во обласа на водоводната и канализационата инфраструктура во градот и оштината на барање на Општина Виница, за што е оформена комплетна документација.

Во **Одделението „Одржување на механизација"** во текот на извештајниот период, активностите се реализираа согласно потребите за опслужување на останатите одделенија кои се во составот на ЈП за комунални работи „Солидарност" Виница, (одделение за изведување на градежни работи, одделение за одржување на водовод и канализација, одделение за одржување на паркови и зеленило и водоснабдување, како и одржување на јавната комунална хигиена - собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад), а во функција успешно завршување на обврските, било тоа да се тековни, инцидентни или договорени.

Имајки го во предвид фактот на застареност на возниот и машинскиот парк најголемиот дел од активностите беа насочени кон тековно одржување на истите, проследени со значителни потешкотии во делот на набавките на резервните и други делови.

Најмногу проблеми во ова одделение имаше со камионите за собирање на отпад, бидејки во текот на цела година секогаш имаше по најмалку еден камион дефект, а некогаш и повеќе, со што се отежнуваше работата на собирачите на отпад.

Одржувањето на **јавната комунална хигиена во градот** која се одвива во континуитет е една од носечките дејности на ЈП „Солидарност" Виница и ги опфаќа следните активности:

- Метење на јавните прометни површини секојдневно (улици, тротоари, булевар, Градски пазар, Автобуска станица и Бојаџиски бунар).

- Посебно метење и чистење на градот за одредени прилики како што се посета на значајни гости, одбележување значајни датуми од историјата, државни и верски празници и сл.

- Повремено метење на одредени улици и тротоари се врши по најава на граѓани, комунален инспектор или пак после временски неприлики, снег, дожд, или пак силен ветар.

- После косењето на тревата по јавните површини се јавува потреба од собирање на искосената трева, што го вршат нашите вработени истиот или следниот ден.

- Отстранување на сите диви депонии во градот и населените места посочени од комуналниот инспектор и пријави од граѓани.

- Редовно подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад од страна на Одделението Комунална хигиена од домаќинствата индустријата.

- Редовно се собира отпадот од населба Градец, с. Градец, с. Лески, хотел „Центробизнис", хотел „Слив", с. Истибања, с. Драгобраште, с. Трсино, с. Трстија, с. Пеклани и Горна Осојница (од рестораните и викендичките кои се наоѓаат покрај магистралниот пат за Берово), како и од селата Трстија и Липец.

- Подигањето на комуналниот отпад од домаќинствата го вршиме со два камиони за комунален отпад кои се распоредени по реони во градот, додека контејнерите поставени во градот и населените места ги празниме со третиот камион. Третиот камион секоја сабота оди во селата Трсино, Трстија, Драгобраште, Пеклани и Горна Осојница, а во недела ги празнат контејнерите во градот и во с. Липец. Во среда се празнат контејнерите од с. Градец и с. Истибања, а се собира и отпадот од канти од селата Лески и Истибања. Во индустрискиот дел исто така редовно се подига и депонира комуналниот отпад двапати неделно.

- Со дел од претпријатијата кои создаваат поголема количина на отпад ЈП „Солидарност" има склучено договори за изнесување и депонирање на отпадот, со обврска да го собира сметот за соодветна финансиска надокнада.

- Редовно вршиме селектирање на комуналниот отпад и за таа цел се поставени десет решеткасти контејнери за хартија и шест контејнери за стакло на повеќе локации низ градот, а поставени се и 5 контејнери за собирање на електричен и електронски

отпад. На крајот на 2024 година на територијата на градот Виница поставивме 6 контејнери за селекција на текстилен отпад за населението. Правните лица кои продуцираат таков текстилен отпад по интервенција за Инспекторот за заштита на животната средина склучија посебни договори со колективниот постапувач и тие нема да го исфрлаат нивниот текстилен отпад во тие контејнери, туку само месното население. Во иднина ќе продолжиме со поставување на такви контејнери и во останатите делови од градот.

- Одржување на коритата на Виничка и Градечка река (чистење на отпад и косење на зеленилото).

- Тековно одржавање на улиците во градот и патиштата кон селските населби во зимски услови се дел од активностите на ЈП „Солидарност", согласно Програмата за одржување на улици и патишта, изработена заедно со Секторот за комунални дејности при ЕЛС Виница и Општинскиот Совет за безбедност во патниот сообраќај (чистење на патни правци од наноси на песок и земја, одрони од камења, посипување на сол и песок при врнежи од снег и сл.).

- Соработката со комуналниот инспектор во текот на извештајниот период во 2024 година е на одлично ниво. Во случај на појава на комунален проблем согласно законските прописи инспекторот секогаш преземаше обврска за расчистување на одредени проблеми и прашања од комуналната дејност.

Од 7 март целосно се затвори Градската депонија кај с. Лески и од тогаш почнавме отпадот да го носиме на депонијата во Кочани, со што значиително ни се зголемија трошоците за гориво за камионите, а почнаа и постално да се појавуваат дефекти на истите, поради долгиот пат и успонот кон депонијата. Постојано имаше и заглавување на нашите камиони за кои мораше некој пат да ни помогнат од ЈКП „Водовод“, а многу пати праќавме и екипа од механичари и опрема за да се оспособат и доведат до тука камионите.

Во периодот од крајот на месец Октомври до почетокот на месец Декември не бевме во можност да го исфрламе собраниот комунален отпад на депонијата во Кочани поради блокадата на месното население која траеше 40 тина дена. Во тој период од наша страна беа собирани само контејнерите на главните улици и во училиштата, додека отпадот од куќите на нашите корисници го собравме само двапати во целиот период на блокадата. Целата општина беше претворена во една огромна депонија бидејки пред секоја куќа, на секоја улица имаше преполни канти за отпад, кој не можевме да го собираме бидејки немаше каде да го депонираме.

Причините за блокада на депонијата во Кочани е позната на сите, а проблемот се надмина кога со подршка од централната власт и со асистенција на Полицијата од Кочани на почетокот на Декември почнавме да го собираме и редовно депонираме комуналниот отпад од нашите корисници. Би сакале да истакнеме дека ние како ЈП „Солидарност" воопшто не сме виновни за состојбата до која бевме доведени. Со молби и на пријателска основа, неколку пати извршивме депонирање на собраниот комунален отпад на неколку соседни депонии во други општини, меѓутоа тоа беше само по двапати во секоја од пријателските општини. Кога нивното месно население дознаеше дека на нивната депонија се исфрла отпадот од Општина Виница, веднаш се вршеше притисок на Градоначалниците и директорите на соодветните ЈКП, и не ни беше дозволено да го депонираме отпадот повеќе од двапати.

Сепак овој проблем се надмина, се склучи нов Договор за депонирање на отпадот од општините Виница, Зрновци и Чешиново – Облешево на депонијата во Општина Кочани по цена од 220 денари за метар кубен депониран отпад, страстите се смирија, депонијата се одржува тековно, нема појава на запалување (сега засега) и се нормализираше собирањето на комуналниот отпад во Општина Виница.

За во иднина се надеваме дека нема пак да дојде до блокада на депонијата, но никогаш не можеме да бидеме 100 % сигурни.

Од страна на ЈП „Солидарност" Виница редовно се метат следните јавни површини:

- ул. „Маршал Тито"
- ул. „Браќа Миладинови"
- ул. „Никола Карев"
- ул. „Илинденска"
- ул. „Бел Камен"
- ул. „Пионерска"
- Автобуска станица
- Бојаџиски бунар.

Во зимскиот период од тековната година работниците беа ангажирани и за чистење на снегот од неколку улици.

Од страна на ЈП „Солидарност" Виница повремено се чистат и следните јавни површини:

- ул. „Партизанска"
- ул. „Крушевска република"
- ул. „Кеј 30 ти Август"
- детско игралиште на ул. „Кеј 30 ти Август"
- влезот од Берово спрема Виница

- влезот од Кочани спрема Виница
- организирано чистење на пешачката патека и коловозната лента на локалниот пат Виница – с. Јакимово
- коритото на Градечка река
- пристапните патеки до историскиот локалитет Кале.

Повремено миење на улици со цистерна:

1. ул. „Маршал Тито”
2. ул. „Браќа Миладинови”
3. ул. „Илинденска”
4. Градски пазар
5. Бул. “Маршал Тито”
6. „Бојаџиски бунар“.

Повремено метење и чистење на градот се врши во одрдени прилики:

- Одржување и чистење околу Градскиот плоштад пред одржување на јавни културни настани (Прослава на празникот на град Виница „Паловден”, Тодорови трки, Ослободување на Виница на 30 Август и други манифестации)
- Одржување и чистење во с. Јакимово за празникот Св. „Јоаким Осоговски”
- Одржување и чистење во с. Истибања пред одржување на манифестацијата „Истибанско здравоживо”
- Во текот на 2024 година во централното подрачје на градот се заменуваа старите метални канти со нови метални канти за комунален отпад, тие од страна на наш работник редовно се празнат, но за жал поради не совесно однесување на некои граѓани голем дел од нив се оштетени.

Активностите во **Одделението „Градско Зеленило“** во 2024 год. воглавно се одвиваа во два дела и тоа:

I - Тековно одржување

II - Реализација на Програмата за работа за 2024 година во делот предвидени нови работи, усвоена од Советот на општина Виница

Во делот на тековно одржување активностите се одвиваа во континуитет во најголем дел од претходната, тековната и програмската определба за 2024 година.

Одделението „Градско Зеленило“ го сочинуваат 7 работници кои ги изведуваат следниве активности:

- Тековно одржување на зелени и цветни површини во градот (одгледување на расаден материјал – цвеќиња, зимзелени и листопадни дрвца и засадување и полевање

на истите со претходна припрема на површините), косење на зелени површини, кроење на дрвца во градски парк и сл.

- Сите овие наведени работи, посебно дрвцата – китки се расадуваат во градскиот парк, управната зграда, зелените површини – триаголници низ градот, а по потреба се снабдуваат и други субјекти како училиштата, детската градинка и други институции на градот Виница.

- Одржување на градскиот стадион, косење на тревата и нејзино собирање, односно одстранување од стадионот.

- Во текот на летниот период заради лошите временски услови (големи горештини) се врши постојано наводнување на тревата и дрвцата со цистерна на места каде нема поставено хидрантска мрежа и нема можност за наводнување од градскиот водовод.

- Одржување на булеварското зеленило (косење, кроење на средно високото зеленило – грмушките, полевање и редовно одржување на хигиената).

- Одржување на градските реки: Градечка и Виничка (косење и чистење од отпадоци).

- Уредување по барање на селските населби (косење на јавни површини и слично).

- Уредување и одржување на делови од градот по потреба.

- Уредување и одржување на парковскиот простор (метење, подигање и депонирање на сметот, одржување на опремата – клупи, елементи од реквизитите од детското катче, полевање, косење на зеленилото и кроење на средно високото зеленило).

- Редовно одржување на спортско - рекреативните површини (полевање, косење и одржување на комуналната хигиена).

Во делот на реализацијата на програмата за работа за 2024 година, во периодот што измина е реализирана дел од истата и тоа:

- Обновена е хортикултурата на триаголникот помеѓу улиците Браќа Миладинови и Илинденска.

- Уреден е со цвеќиња просторот пред паркингот на мотел Александар парк.

Покрај обновувањето на хортикултурата со наши цвеќиња, есента добивме 3.000 цвеќиња од фирмата „Ирибов" од Виница, од кои околу 2.000 броја се засадени на неколку локации во градот а останатите 1.000 ќе ги засадиме оваа година.

Поголемиот дел од Програмата успеавме да ја реализираме, а со тоа и да ги задоволиме потребите на граѓаните на Општина Виница па и пошироко.

## КАТАСТАРСКИ ПРЕГЛЕД НА ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАД ВИНИЦА

| | | |
|---|---|---|
| Површина под трева | $M^2$ | 40.000 |
| Цветни површини | $M^2$ | 800 |
| Зелени дрвја | Бр. | 150 |
| Листопадни дрвја | Бр. | 350 |
| Зимзелени грмушки | Бр. | 50 |

| | | |
|---|---|---|
| Листопадни грмушки | Бр. | 50 |
| Жива ограда | М | 1500 |
| Ивици долж парковски патеки | М | 2500 |
| Поплочени патеки | $М^2$ | 3500 |
| Фонтани-чешми | Бр. | 10 |
| Клупи | Бр. | 150 |

1.Тревни површини за кои се однесува одржувањето се:

Градски парк, малиот парк кај Александар парк, Булевар, Градски стадион, триаголници на улиците: "Никола Карев","Илинденска" и "Партизанска", стар Градски плоштад, тротоар по течението на Градечка река, зелените површини во новата индустриска зона и др.

2. Цветни површини:

Градски парк, триаголници на улиците: "Никола Карев", "Илинденска" и "Партизанска", стар Градски плоштад и др.

3. Зимзелени дрвја: Градски парк, Булевар и триаголници.

4. Листопадни дрвја: Градки парк, Булевар, улиците: "Партизанска", "Љупчо Сантов", "Кеј 30-ти Август", "Ангел Винички" и "Димитар Влахов".

5. Жива Ограда: Градски парк и Булевар

6. Клупи: Градски парк, Булевар, улиците: "Партизанска" и "Љупчо Сантов"

7. И други површини во градот и други населени места во општина Виница.

**Одржувањето на православните гробишта** во Виница, кои се простираат на површина од 39.000 $м^2$, се вршеше редовно во 2024 година, без некои поголеми проблеми.

Во Одделението „Христијански гробишта“, согласно Законот за гробишта и погребални услуги, моментално се вработени 5 лица, и тоа 1 - Раководител со Високо образование, 1 - Инжинер за хортикултура со Високо образование, 1 - Евидентичар на погреби со Средно образование и 2 - Одржувачи на гробишта со Основно образование.

Одржувањето на православните градски гробишта опфаќа активности кои се одвиваат во континуитет и тоа:

1. Редовно одржување на комуналната хигиена во гробиштата.
2. Бетонирање на плато за гробни парцели и пристапни патеки до самите гробни парцели.

1. Одржувањето на комуналната хигиена се врши со извршување на следните активности:

- Метење на заедничките прометни површини (патеки, влезови, тротоари) во и околу прявославните гробишта
- Собирање на сметот кој што го исфрлаат лицата кои ги посетуваат местата каде се погребани блиските роднини и членови од потесното семејство. Сметот се депонира во канти што се поставени на самите влезови во гробиштата а потоа со возила се депонираат на градската депонија.
- Изнесување на градежен отпад од стари гробови при погребување на нов покојник во истите. Отпадот Операторот го остава покрај гробот а нашите вработени подоцна го изнесуваат надвор од гробиштата.

За зачувување на околината во гробиштата и да се одбегне неконтролирано фрлање на отпадоци на одредени места се поставени метални канти за ѓубре што редновно се празнат.

Во градските гробишта на посебни места оставени за таа намена се врши засадување на цвеќиња кои редовно се окопуваат и наводнуваат.

За наводнување на цвеќињата и живата ограда во гробиштата се поставени пет чешми и истите се користат од граѓаните кои ги посетуваат гробиштата.

Во одржувањето е опфатено и редовно косење на тревата и сечење на диви израснати дрвја, што особено се врши во стариот дел од гробиштата, кроење на жива ограда засадена на источниот дел од гробиштата, како и кроење на трендафили и други украсни дрвца.

Погребувањето на починатите се врши по однапред утврден ред и шема - во новиот дел на гробиштата, односно погреб на ново гробно место и на стара гробна парцела по желба на фамилијата на починатото лице.

Во извештајниот период од 01.01 до 31.12.2024 година, до изготвување на извештајот, во православните гробишта во Виница погребани се вкупно **84** починати лица, од тоа на нова гробна парцела **34** и на стара гробна парцела **50**.

**Табела на вкупно починати лица**

| Месец | Нова гробна парцела | Стара гробна парцела | Мажи | Жени | Вкупно 2024 | Вкупно 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 3 | 9 | 3 | 9 | 12 | 9 |
| Февруари | 7 | 2 | 6 | 3 | 9 | 13 |
| Март | 1 | 9 | 7 | 3 | 10 | 8 |
| Април | 2 | 4 | 4 | 2 | 6 | 16 |
| Мај | 1 | 2 | 1 | 2 | 3 | 7 |
| Јуни | 3 | 3 | 4 | 2 | 6 | 11 |
| Јули | 1 | 2 | 1 | 2 | 3 | 7 |
| Август | 4 | 1 | 3 | 2 | 5 | 9 |
| Септември | 6 | 4 | 6 | 4 | 10 | 4 |
| Октомври | 1 | 3 | 3 | 1 | 4 | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ноември | 3 | 5 | 3 | 5 | 8 | 8 |
| Декември | 2 | 6 | 2 | 6 | 8 | 10 |
| **Вкупно** | **34** | **50** | **43** | **45** | **84** | **110** |

2. За порационално искористување на просторот се врши бетонирање на истиот за искористување на максимум просторот за гробни парцели.

Бетонирањето го вршат наши работници од градежната оператива и тоа се врши по потреба.

Надоместокот за погребалните услуги се наплатува во сметката за комунални услуги во износ од 110 денари по семејство.

Погребалните услуги ископ и закоп на починато лице ги врши фирмата „Арко балено“ од Виница кој има Лиценца за Оператор за погребални услуги, а од оваа година започна нов оператор кој се вика „Касирец“ од Кочани.

Починатите лица се донесуваат и чуваат во Градската капела која редовно се одржува од наша страна, за што се наплаќа надомест согласно Одлука на Советот на Општина Виница.

**ЈП „СОЛИДАРНОСТ“ ВИНИЦА**

**ВД ДИРЕКТОР**

**М-р Игор Спасовски**

06.03

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 256
28.02.2025 год.
ВИНИЦА

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
ВИНИЦА

| Примено: 06.03.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 244 | | |

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл. весник на РСМ број 275/19, 89/22 и 274/22“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 39-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање Согласност на Извештај за реализирање на Програмата за работа на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2024 година**

Член 1

Се дава Согласност на Извештајот за реализирање на Програмата за работа на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

ЈП"СОЛИДАРНОСТ"-ВИНИЦА
Бр. 02- 105/3
24.02.2025 год.

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП"Солидарност"-Виница, Управниот одбор на ЈП"Солидарност"-Виница на седницата одржана на ден. 24.02.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За усвојување Извештај за реализирање на прогамата за работа за 2024 година на ЈП Солидарност - Виница**

**чл.1**

Се усвојува Извештај за реализирање на програмата за работа на ЈП Солидарност- Виница за 2024 година.

Управен одбор
Претседател
Александра Давткова